З А П И С Н И К

од дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.07.2022 во 14:00 часот, преку веб апликација.

Присутни: Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ, Тања Ковачев, Насер Адеми и Александар Давчевски.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 5 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за дванаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од единаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2022 година;
3. Барање за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Барање согласност за јавна набавка на услуга за Обуки за информациска безбедност и управување со ризици за оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги и за конституенти на MKD – CIRT;
5. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот како и записникот од предходниот состанок.

Во врска со барањето под точка број 3, Директорот на Агенцијата го образложи предлогот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации, по што членовите дадоа согласност за овој предлог.

По точката под реден број 4 Комисијата даде согласност.

Под точката разно немаше дискусии.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_____________

Ервин Реџепагиќ, член _____________________

Тања Ковачев, член __________________

Насер Адеми, член __________________

Александар Давчевски, член____________